РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 08-805/1
07.02 2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02")и член 23 став 2 точка 15 од Статутот на Општина Крива Паланка(„Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.8/10,8/14,2/18,3/19, 8/21и 1/23),Градоначалникот на Општина Крива Паланка на ден 07.02.2023година донесува

## РЕШЕНИЕ
## за формирање на Локален економски совет на Општина Крива Паланка

### Член 1

Се формира Локален економски совет на Општина Крива Паланка, кое претставува помошно, советодавно тело на Градоначалникот со цел да поттикне:

- Дебата за стратешки прашања за локален економски и одржлив развој на општината,
- Утврдување развојни и структурни приоритети,
- Привлекување на домашен и странски капитал,
- Насоки за водење на локална економска политика и поволна средина за развој на бизнисот,
- Подобрување на протокот на информации,услугите за бизнисите како и некои административни процедури,
- Градење партнерства со регионални, национални и меѓународни субјекти од областа на економијата,
- Развојот на пазарот на труд и модалитетите за развој на вештините и способностите на човечкиот капитал,
- Организација на заеднички активности и проекти,
- Промоција и презентација на локалната економска заедница на регионално, национално и меѓународно ниво и
- Други прашања од интерес на бизнис заедницата и сите граѓани на Општина Крива Паланка и регионот.

### Член 2

Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка брои 20 членовии го сочинуваат претставници на бизнис заедницата и други субјекти кои со своето делување директно или индиректно влијаат на економскиот развој на Општина Крива Паланка и тоа:

1. Светлана Пешовска — ПЕШОВСКИ ЕКСКЛУЗИВ
2. Зоран Симонов — ДЕМА СТИЛ
3. Стефан Николовски — ЈОАН КАРС
4. Сања Станковска — ИНВЕСТ АУТО
5. Павле Јакимовски — ПАНИ МАРКЕТ
6. Емилија Стојковска — УНИВЕРЗАЛ–С ПАРК ГИНОВЦИ
7. Снежа Китановска — ОБЛАЧЕ ЛЕ БЕЛО
8. Димча Велиновски — МАЛЕШ ДООЕЛ

9. Диме Пешевски ЗЕМЈОДЕЛСКА АПТЕКА ВИКТОРИЈА
10. Јосип Павловски ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА КРИВА ПАЛАНКА
11. Ивица Цветковски КАТИЛ ХОЛДИНГ ГРУП
12. Игор Димитровски ШТРИКО КОМПАНИ
13. Валентина С Ѓорѓиев АЛБА КОНФЕКЦИЈА
14. Мирослав Младенов АВТОМОТИВ ПЛУС ДООЕЛ
15. Роберт Јосимовски ДЕЛСОТ
16. Тони Димитриевски ДПТУ БОН ТОН ДОО
17. Митрополит Јосиф САРАНДОПОР
18. Добре Јовановски ДППУ СТАНДАРД ДООЕЛ
19. Мартин Ѓошевски ОСОГОВО ТРАНСПОРТ
20. Славица Величковска ЕЛИТ

**Член 3**

Локалниот економски совет се состанува еднаш квартално, а по потреба и почесто. Начинот на делување на Советот се утврдува со Деловник за работа. Предлозите и иницијативите произлезени од работата на Локалниот економски совет ќе бидат на располагање на Градоначалникот на Општината.

**Член 4**

Работата на членовите на Локалниот економски совет на Општина Крива Паланка е волонтерска, без надоместок.

**Член 5**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**